Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 21.05.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2851 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ
## од контролниот надзор на програмскиот сервис на ТРД Алсат–М ДОО Скопје, емитуван во периодот од 5 до 11 мај 2014 година

***Предмет на надзорот:***

**1. Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот).

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 05-та седница одржана на 29.01.2014 година, во врска со предложениот Извештај од вонредниот надзор на програмскиот сервис на **ТРД Алсат–М ДОО Скопје**, емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, донесе заклучок да го задолжи Секторот за програмски работи, по истекот на рокот од 90 (деведесет) дена од денот на донесувањето на поединечниот акт (решението), да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

***Констатации:***

Со контролниот надзор е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), во целост постапил по опомената, отстранета е извршената повреда на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со мониторингот од 5 до 11 мај 2014 година, е констатирано дека ТРД Алсат–М ДОО Скопје ја почитува законската обврска да емитува најмалку 8 часа вокална и/или вокално-инструментална музика на албански јазик во текот на неделата. Во анализираната недела емитуваше 15 часа 54 минути и 17 секунди вокална и/или вокално-инструментална музика на албански јазик. Забавната музика беше застапена со 6 часа 22 минути и 52 секунди, а народната музика со 9 часа 31 минута и 25 секунди. Исто така, ги почитува одредбите од став 6, најмалку половина од обврската за музика, утврдена во став 4, да ја оствари во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот во периодот од 07:00 до 19:00 часот, се емитувани 3 часа 18 минути и 3 секунди забавна музика и 4 часа 56 минути и 1 секунда народна музика.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**